РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Број и датум_______________

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-124/1
26.03 20 24 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр.196/2015, и 35/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/2020) , член 2 и 3 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилник за заштитено надворешно пријавување ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), тч.1 од информацијата за преземње на мерки за борба против корупцијата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година од Влада на Република Северна Македонија и член 3 од Упатсвото за прием на пријав од укажувачи ( доставени заради внатрешно и надворешно пријавување), извојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите, в.д директорот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување), извојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на лишните и другите податоци на укажувачите**

1. Се назначува и овластува административниот службеник, **Ивана Д. Ландова**, вработен-а во Агенција за промоција и поддршка на туризмот, на работно место Советник за стратегиско планирање на проекти со звање Советник, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување), извојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и другите податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса : бул. 11 Октомври број 13, 1000 Скопје, телефон:

2. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување) е должно:

- да врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување;
- да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно и надворешно пријавување;
- да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Решението да се објави на ВЕБ страната и огласната табла на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот .

5. Со донесувањето на ова решение престанува да важи претходното решение бр. 04-82/6 од 18.02.2022 година.

Архивски знак. ________
Рок на чување. ________
________ 20 ___год.
Потпис,
________

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основ на член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр.196/2015, и 35/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/2020) , член 2 и 3 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилник за заштитено надворешно пријавување ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), тч.1 од информацијата за преземње на мерки за борба против корупцијата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година од Влада на Република Северна Македонија и член 3 од Упатството за прием на пријав од укажувачи (доставени заради внатрешно и надворешно пријавување), извојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите, а во согласност и со мислењето од страна на Министерството за правда бр.14-2505/2 од 14.09.2021 година, в.д. директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе решение со кое определи овластено лице за прием на пријави од укажувачи кое согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачит, како и процедурите утврдени со актот за внатрешно и надворешно пријавување, да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите за внтрешно и надворешно пријавување; да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Врз основа на горе наведеното в.д. директорот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение админстративниот службеник може да поднесе приговор преку Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

**В.Д ДИРЕКТОР,**
**м-р Јасмина Лескаровска**

Одделение за управување со ЧР
Изготвил: м-р Слаџана Ангелковска

ДОСТАВЕНО ДО :
- архивата на АППТ
- овластено лице
- веб страна на АППТ
- Огласна табла на АППТ
- Државна комисија за спречување со корупција на РСМ